# ОСВРТИ

Ѓурѓевка ДОНЕСКА-ТРЕНЧЕВСКА

## ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ НА ПРОГРАМАТА НА ОБРАЗОВНИТЕ ЕМИСИИ НА РАДИО СКОПЈЕ (I)

Во изминативе скоро три децении постоење на училишна, денес образовна програма на Радио Скопје (I), редовно им се посветува заслужено внимание на настаните поврзани со свикувањето и одржувањето на ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ, што заедно со другите историски и други емисии на Радио Скопје претставува голем придонес во расветлувањето и оценувањето на историските вредности на овој настан. Зашто Првото заседание на АСНОМ најавторитетно ја изрази волјата на македонскиот народ да живее како слободен и рамноправен член на југословенската федеративна заедница, творечки оживотворувајќи ги на македонска почва Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ и тоа на Историскиот ИЛИНДЕН од 1944 година. АСНОМ ја основа Федерална Македонија како составен дел на Демократска ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА и ги прокламира слободата, националниот суверенитет и рамноправноста на македонскиот народ во рамките на југословенската федерација — рожба на НОВ и РЕВОЛУЦИЈАТА под раководство на КПЈ и Јосип Броз Тито.

Проследувајќи ги насловите на емисиите и на циклусите во врска со овој настан паѓа в очи еден одреден континуитет во однос на сестраното прикажување на настаните што доведоа до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, со нагласен акцент на проткајувањето на илинденските револуционерни традиции во НОВ и Социјалистичката револуција, како највисок дострел во континуитетот на националноослободителната борба на македонскиот народ.

Во пристапот на обработката на содржините доминираат разновидни форми што се јавуваат како симбиоза на радиофоничните и психопедагошките и методски барања за вклопување на емисиите во воспитно-образовниот процес и во перманентното образование на слушателите. Притоа беа застапени написи, предавања и статии во изведба на двајца спикери, односно со

членови на радио-драмата и скопски артисти со соодветена придружна музика, потоа раскажувања или разговори со преживеани директни или индиректни учесници со најавено-воведни текстови и прикази и осврти на определени настани што му претходеа на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на самото заседание, на усвоените документи на него, на одгласот на АСНОМ меѓу македонскиот народ и народностите што живеат со него, меѓу другите народи и народности на Југославија, меѓу Македонците во Егејска и Пиринска Македонија, меѓу македонската емиграција во балканските земји и во светот, и воопшто во меѓународното работничко движење и на меѓународната сцена. Уште за улогата на емисиите на „СЛОБОДНА ЈУГОСЛАВИЈА" во одгласот на АСНОМ, на чело со Вељко Влаховиќ и со првиот спикер на емисиите на македонски јазик, артистот Илија Џувалековски, за учеството на младите историчари и на одделенските и класните заедници во реализирањето содржини посветени на Првото заседание на АСНОМ, за размената на емисии на оваа тема со колегите на образовните програми на другите братски радио-станици и така натаму. Бројката од 18 емисии и прилози во изминативе скоро 30 години постоење на училишната, односно образовната програма на Радио Скопје, јасно укажува на доволната застапеност на содржините за Првото заседание на АСНОМ на оваа програма, што придружена кон другите соодветни емисии на севкупната радиопрограма заедно претставуваат значаен прилог во расветлувањето, во објаснувањето и во вреднувањето на овој важен настан од НОВ и Револуцијата не само за македонскиот народ, и народностите туку и за сите други југословенски народи и народности. Зашто со право истакнал и Хенри Ноел Бреилсфорд во пролетните емисии на БИБИСИ во 1944 година дека во нашето Народноослободително движење новост претставува дека тоа е „движење на единство. Србите, Хрватите и Словенците се борат рамно до рамо за Македонија. За мене, кој добро ја познавам Македонија, на која сите балкански народи претендираа, ветувањето на Тито и на неговите другари е најдобра гаранција дека независна Македонија ќе стапи како членка во јужнословенската федерација. Тоа е единствениот пат кој обезбедува победа и вистински мир."[1].

Факт е, исто така, дека сиве овие презентирани сознанија за Првото заседание на АСНОМ се во тесна врска со нашата историографија и историска периодика, како и мемоарската литература во определени години, при што и самите емисии претставувале нивно збогатување, особено искажувањата на преживеаните учесници, што и денес се чуваат во Фонодо-

---

[1]) Моша Пијаде: „Избрани дела" том I книга 3 стр. 199 „Слободна Македонија у братској демократској заједници јужно-словенских народа".

кументацијата на Радио Скопје. Притоа посебно треба да се истакне иницијативата на Образовната програма за снимањето не само на Илија Цувалековски, како прв спикер на македонски јазик на емисиите „СЛОБОДНА ЈУГОСЛАВИЈА“, што почнаа да се емитуваат од првата половина на септември 1944 година, туку и на Вељко Влаховиќ, како одговорен уредник на „Слободна Југославија‘ ‘и посебно на нејзиниот прв спикер кој на 14 август 1944 година ја прочита првата вест, односно извештај за одржаното Прво заседание на АСНОМ во манастирот Прохор Пчински на 2. VIII 1944 година — Драгутин Ѓурѓев[2]).

Според рубриката во која се објавува овој текст во списанието „ИСТОРИЈА“ најсоодветно ќе биде да се задржиме на емисиите посветени на Првото заседание на АСНОМ реализирани во соработка со училиштата, како прилог кон изразитата педагошка компонента на оваа програма. Меѓу нив ќе издвоиме неколку, кои не само што дале побогат педагошки радиофонски израз на Образовната програма, туку и возвратно придонесле во збогатувањето на методскиот пристап на часот на одделенскиот и класниот раководител во активирањето на учениците како вистински субјекти при усвојувањето на содржината за Првото заседание на АСНОМ.

Во почетокот на октомври 1969 година беше емитувана емисијата: ОДБРАВМЕ ЗА ЧАСОТ НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ И КЛАСНИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ, посветена на Првото заседание на АСНОМ. Гости на програмата беа матуранти на гимназијата „КОЧО РАЦИН“ во Титов Велес, на чиј свечен час на класната заедница беше Страхил Гигов, учесник на Првото заседание на АСНОМ. Тоа придонесе часот и настанот да се доживеат со изразито збогатена емотивност, за што посебно придонесе и целосното активирање на учениците организирани во три работни групи: сценариска, група за изложба и група за организација на часот. Раскажувањето на Страхил Гигов, истакнат предвоен револуционер од Велес и еден од првите членови на Иницијативниот одбор за свикување на Првото заседание на АСНОМ, учесник на познатото ПРЕСПАНСКО СОВЕТУВАЊЕ од 2. VIII 1943 година, кога беше донесено решение за формирање Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ, внесе посебна и интелектуална и емотивна живост на часот, што дојде до израз во разговорот, кога Страхил Гигов одговараше на прашањата на членовите на сценариската група, кои заедно со членовите на групата за организација на часот му ги беа испратиле претходно. Скромната изложба од документи, цртежи, фотоси и записи од состаноците на работните групи, што го подготвуваа овој час ја збогати неговата визуелна компонента. Можностите

---

[2]) Фонодокументација на РАДИО СКОПЈЕ, ленти со сеќавања на В. Влаховиќ, И. Цувалековски и Д. Ѓурѓев.

за соработка со месните музеи, со Сојузот на боречките организации и со други организации и установи во вакви случаи се големи. Грижата на младите историчари и на самиот класен раководител-историчар да се зачува ова несекојдневно гостување во гимназијата на магнетофонска лента (а денес и на касета) во кабинетот по историја останува трајна задача. Таа задача, до колку тогаш не била исполнета, постојат можности да се оствари и денес. На овој начин кабинетите по историја постојано ќе ги збогатуваат своите фондови, а генерациите ќе одгледуваат постојана благодарност спрема оваа мошне благородна и извонредно богата и вредна педагошко-методска дејност. Дали и денес доволно се размислува за неа, дали доволно се стимулира и дали добро се вреднува?

Во 1974 година, по повод 30 годишниот јубилеј од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ свечена емисија беше реализирана во основното училиште „ПЕСТАЛОЦИ" во Скопје, под наслов „ПО ВРВИЦИТЕ НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ, притшто изразита активност покажаа младите историчари од осмите одделенија. Оваа емисија се емитуваше во рубриката „ОДБРАВМЕ ЗА ЧАСОТ НА ОДЕЛЕНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ И ЗАЕДНИЦИ". Овој час се карактеризира со изразити активности од областа на педагошката психологија и методика по историја. За разлика од претходниот час кога имавме конкретна тема ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ, овој пат, во соработка со професорката Милка Тодоровска, обрнавме посебно внимание врз развивањето на ученичките способности за синтетичност и обоштување, за корелација меѓу самите настани и со наставата по македонски јазик и литература, ликовно и музичко воспитување. Часот беше доживеан високо емотивно, а афирмацијата на ваквите активности преку радиопрограмата ја поттикна уште повеќе дејноста на секцијата МЛАДИ ИСТОРИЧАРИ.

На овој план за одбележување е и емисијата „БУНТОВНИОТ КОЗЈАК" што ја остваривме во соработка со основното училиште „Христијан Тодоровски-Карпош" во село Драгоманце, во подножјето на Козјак, под знакот на 40 годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, што се емитува и на другите образовни програми на југословенските радио станици во текот на јули и август 1984 година. Во неа учествуваа селани од Пелинце и еден геодет од Куманово, а за атмосферата на Првото заседание на АСНОМ говереше ВЕСЕЛИНКА МАЛИНСКА, еден од секретарите на оваа историско заседание на кое се удрија темелите на македонската државност и суверенитет во рамките на нова Титова Југославија. Со оваа емисија нашата програма учествуваше во заедничкиот циклус на ЈРТ за 1984 година, под наслов „ПАРТИЗАНСКИ ПЛАНИНИ". Заем-

ната соработка на југословенско ниво овозможи и за Првото заседание на АСНОМ од непосредни извори да се запознаат и другите ученици од братските републики-слушатели на образовните и училишните емисии на другите радио-станици .За подвлекување е и билатералната соработка на овој план што досега ја остваривме, а и денес ја остваруваме со колегите од Радио Љубљана, Радио Приштина, Радио Белград, Радио Нови Сад и посебно со Радио Југославија во 1979 година, кога на повеќе странски јазици се емитуваа 4 наши емисии за Првото заседание на АСНОМ (Преспанското советување, Подготовките за свикување на АСНОМ од НОО и Иницијативниот одбор, текот на самото заседание, неговите документи и одгласот во земјата и во светот).

Во текот на 1984 година кога ја одбележуваме 40 годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, покрај многубројните емисии за АСНОМ, со кои пополнуваме и некои досегашни празнини на овој план, особено треба да се истакнат темите АСНОМ и ОБРАЗОВАНИЕТО и АСНОМ и ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ, што се емитуваат и што ќе се емитуваат во рамките на образовните емисии „ВИДИЦИ" и „СВЕТЛИНИ НА МИНАТОТО". За одбележување се и емисиите за АСНОМ што ги реализираме со основните училишта „КРСТЕ МИСИРКОВ" од Куманово кое е збратимено со основните училишта од ВРАЊЕ и ВАРАЖДИН и „Јосип Броз Тито" од Скопје, кое е збратимено со 16 основни училишта од сите републики и покраини во СФРЈ. Учениците од Куманово, Врање и Вараждин ќе одржат свечен историски час во манастирот ПРОХОР ПЧИЊСКИ, каде што е одржано Првото заседание на АСНОМ, и каде што младите освен за Првото заседание на АСНОМ од преживеаните борци ќе слушаат и за соработката на македонските, јужноморавските и косовските партизански единици во текот на НОВ и Револуцијата, посебно во 1944 година. Соработката со Сојузот на борачките организации од наша страна и од страна на училиштата изобилно се користи во презентирањето на содржини од НОВ и Револуцијата, што ја збогатува автентичноста на наставата и на нашите емисии и придонесува да се развива и да се негува братството и единството на југословенските народи и народности — основа на нашето социјалистичко самоуправно југословенско заедништво.

Од 1982 година по иницијатива на Образовната програма на Радио Скопје, младите историчари од основното училиште ,Јосип Броз-Тито" од Скопје на своите колеги од 16-те збратимени училишта во СФРЈ им испратија свои искажувања за најзначајните акции на НОВ и ПОМ во 1942 и 1943 година, снимени на касети, што денес се наоѓаат во нивните историски

кабинети, а оваа година им подготвуваат свои искажувања за 1944 година, задржувајќи се на Февруарскиот поход, на Пролетната офанзива, на Првото заседание на АСНОМ и на ослободувањето на Македонија, под знакот на 40 годишнината од овие настани. За возврат нивните колеги од 16 збратимени училишта преку Образовната програма на Радио Скопје им раскажуваа за 12 народни херои на Југославија што ги носат имињата на нивните училишта и за 2 првоборци. Со тоа, всушност, тие им раскажуваа на сите ученици од СРМ — слушатели на Образовната програма на Радио Скопје.

И оваа година 40 годишнината од одржувањето на АСНОМ ќе биде поттик за нови наши зафати и остварувања на овој план.